37.014:316.7(497.7)

# ГЛОБАЛИЗМОТ И „ЗАБАВУВАЊЕТО НА БАЛКАНСКИОТ ЧЕКОР“: ЗА ВОЗМОЖНОСТА ОД „УПАД“ ВО МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРНА МЕМОРИЈА И ИДЕНТИТЕТ

Златко Поповски
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје*

*Апстракт:* **При културолошките анализи на општеството, токму човекот – како суштество на дијалог и комуникација – го претставува клучниот локус за исчитување на знаците на постоечките или надоаѓачките кризи, исто како што тој, човекот, го претставува најподобниот простор и за креирање на напредокот, но и за иницирање/провоцирање на кризите. Во контекст на трудот, провокативноста на истражуваниот проблем најсликовито (и во контекст на сликата/сликовното, спектакуларното) може да се претстави преку забелешката на Cornelio Fabro, дека – анализирајќи ја комуникациската ситуација на современиот (денешен) човек, се воочува дека тишината го заменила говорот. Понатаму, забележаното треба да се искоординира преку приказот на разлијата помеѓу општествата што практикуваат „силна моќ“ и општествата на т.н. „слаба, лабава моќ“ – како и со анализата на можностите доминантните светски сили да вршат „упад“ во т.н. „мали“ (и послаби) општества и заедници. Авторот е на мислење дека „забавениот чекор на Балканот“ е предизвикан од сложена (и хронолошки долготрајна при форматирањето) матрица на „силите на Империјата“) и дека јазот помеѓу „доминантните“ и „потчинетите“ во светската хиерархија, непрекинато ќе се продлабочува. Методологијата преку која се реализираат овие процеси – вклучувајќи ги „двојните стандарди“, непочитувањето или извитоперувањето на одредниците на меѓународното право..., како влијанија врз културната меморија и идентитетот на „малите“ – ја заокружуваат крајната цел на ова истражување**

*Клучни зборови*: **културна меморија, културен идентитет, прашањето на менливоста на идентитетот, аксиолошко вмрежување, хипермислење, судир на мемории, односот мит / претстава – слика**

Ова излагање треба да укаже на продлабочувањето на јазот помеѓу „големите“ и „малите“, на можностите од проектирани влијанија врз културната меморија, културниот идентитет, самосвојноста/автентичноста и моќта *на поединецот и заедницата*. Особено ќе се земе предвид релацијата

помеѓу културната меморија и општествените институции/културни*se* продукти како и релацијата помеѓу културната меморија и секојдневниот живот, без да бидат заобиколени и т.н. посредувани мемории. Културната меморија и нејзиното промислување во најразличните форми и трансформации кои што овој поим ги доживеал е едно од клучните прашања на иднината – прашање кое отвора нови низи од прашања, како и нови одговори, а во функција на опстанокот на различните култури/ идентитети – на еден малку парадоксален начин: формирање на Едноста/Целовитоста на homo sapiens-от т.е. процесот на глобализацијата. Секако, за да се сведат на минимум возможните злоупотреби од моќните, нужно е глобализацијата да биде проникната од глобалната етика која е во развој и којашто – со оглед на с¢ побрзниот развој, ќе биде *сè поактуелна*.

Со оглед дека насловот на ова излагање – или ако сакате неговиот тематски профил, имплицира една комплексна матрица, која бара уште поиздржани (во таа смисла и покомплексни) одговори, принуден сум да ги „релаксирам" работите, поточно да ги поедноставам и при тоа да направам одбир и да го изложам само она најзначајното. Научнообразовниот растеж во светски рамки, за жал, не рефлектира подеднакво врз сите индивидуи, групи, заедници – па и општества, следствено, немаме ниту подеднакво ефектуирање на тој растеж во смисла на техничкотехнолошките придобивки, дезалиенацијата и зголемувањето на просторот на т.н. слобода. Тоа не е тешко да се увиди ако се земе предвид развиеноста на општествената или производствена база онаму каде достигнувањата т.е. научниот напредок рефлектира, односно фактот дека „бадијала знаење" – ако не постојат погони во кои тоа ќе се ефектуира.

Во првите три децении од дваесеттиот век „се случи" најплодниот период во историјата на науката: Ајнштајн ја беше изградил теоријата на релативноста, а Планк, Бор, Хајзенберг, Шредингер, Де Брољ, Борн и Дираг (се надевам, не испуштив некого од првиот почесен круг) ја создадоа квантната физика. Во четвртата деценија се случи неверојатен преврат што од основа ја смени сликата на светот – а просторот, материјата, енергијата, времето, микрокосмосот и вселената ни се прикажаа во сосема нова светлина. Што всушност се случи? Австрискиот логичар и математичар Курт Гедел (за кого Џон фон Нојман, исто така од плејадата на најголемите математичари на дваесеттиот век, кажа дека е најголемиот логичар после Аристотел) ја исфрли прочуената Геделова теорема (во науката прифатена и непобиена, која, за жал, кога била пласирана не била разбрана дури ни од еден Расел и Витгенштајн), а која, во еден најпоедноставен облик гласи: „Во сите науки постојат вистини кои не можат да се докажат".

Всушност, не станува збор за проблеми кои немаат решение, туку дека постојат проблеми кои имаат решение, но тоа не може да се докаже во рамките на зададениот формален систем. Овие сознанија од корен ја менуваат не само науката, туку и светогледот на хоризонтот на културата, па на светот „му се случува" и постмодерната, за која Џејмисон вели дека е „проблем" кој едновремено е и естетски и политички. Тоа имплицира културните и уметничките промени (со оглед на одредените релации/консеквенции меѓу општествената и социолошката критика и естетската и културолошката анализа на постмодернизмот) да се посматраат во условите на т.н. доцен капитализам. Значи, не се

„случува" промена на епистемолошкото поле, туку во полето на културата и општеството, стојалиште до кое држат и Џејмсон и Бодријар и во кое е присутна модификација на марксистичкото наследство и отклон од економскиот редукционизам. За разлика од Бодријар, Џејмсон смета дека ефикасност*а* од присуството на марксизмот во современата култура и теорија е важно, толкувајќи ги уметностите и потрошувачката популарна култура како сплет, секогаш **поставени** во некој вид посреден однос спрема логиката на високо развиениот капитализам: „секој став за постмодернизмот во културата, било да е апологетски или негативен, нужно претставува, имплицитно или експлицитно, политичко стојалиште за природата на мултинационалниот капитал. Значи, имаме економско-културни парови: пазарен капитализам / реализам, монополски капитализам / модернизам и империјализам / постмодернизам. Со забелешка дека тие состојби / промени се резултат на системот на моќ што е содржан во глобалниот систем на т.н. трета фаза на капиталистичкиот развој. Имаме трипартитно врзана состојба: капитал – моќ – култура, со тоа што двоецот капитал – моќ, мора нужно да пенетрира и да менува преку културата (затоа и се одразува најпрвин „во културна промена").

Со право некој може да се запраша каква е тука врската со културната меморија и идентитетот – на што, со подеднакво право, ќе одговорам дека:

– прво: не може да се одрече потребата на капиталот од непрекинато движење/ширење и освојување/пенетрација во нови простори (кои секако, се културно димензионирани, затоа што, пред с¢, тоа се општествени простори);

– второ: кога веќе си имаме работа со културата (како супраструктурална сфера), тогаш не може да ѝ ги одречеме својствените атрибути, да ѝ го одречеме нејзиниот сложен профил – чија сочинка (или чија одредница) е и културната меморија;

– трето: кога веќе можеме објективно да говориме за културната меморија и нејзе да ја детерминираме како сложен феномен – не гледам причина зошто „помоќните" не би можеле да влијаат врз „помалку моќните" или „немоќните" токму преку феноменот на културната меморија: културната меморија е поврзана и со политиката (Ерик Мејр), политичките студии ја истражуваат и посочуваат перспективата на културната меморија (Јан Асман), а Умберто и Р. Матурана смета дека релевантноста на сите когнитивни процеси може да се (пр)оценува врз основа на претходните искуства. Тоа значи дека во мозокот не се одвиваат „функции на складирање", туку доаѓа до синергички ефектуирања помеѓу вниманието, познанието, акцијата и евалуацијата – а врз основа на перцепцијата. Се истражува дури и можноста врз база на конфигурацијата меморински потенцијал/менталитет да се открие/отвори историјата: сето тоа придвижено од една флуктуирачка имагинација.

Што се однесува, пак, до идентитетот, тој е исклучително сложен и динамичко конструирачки конструкт/матрица: неговата градбеност се одвива и преку телесноста - како внатрешен процес на субјектот, се одвива и како интеракција со другиот/другите – преку идентификацијата... и секако, во тој контекст не може, а да не се подвлече важноста на културната меморија. А бидејќи со идентитетот може да се манипулира: националниот

идентитет претставува и измислици и политичка стратегија (исто како кога во Франција се придвижи против мондијализацијата –исто така и кога служи како идеолошко покритие за судирите). Во многу краеви на светот етничката или националната или верската припадност е дел од ресурсите во арсеналот на политичките формации, кои сето тоа го користат за освојување на власта – во превод во функција на моќта. Од голема важност е и кога се анализираат меѓукултурните односи или однесувањето на учесниците во организациите. Во поново време како промена на идентитетот можат да се толкуваат дури и процесите на стручното образование или урбаната метаморфоза. Затоа, како што вели Жан Клод Руано Борбалан, „тоа мошне обопштено користење покажува дека поединецот, неговите акции, неговите афекти и неговите претстави постанале центар на научните и општествените истражувања". (референца)

Феноменот на човекот е нераскинливо поврзан со митот. Затоа, стојалиштето на Клод Леви-Строс дека „историската вистина се наоѓа во митот, а не обратно" (во неговото дело за уметноста Regarder, écouter, lire) ми изгледа сосема коректно. И јас сум склон кон верувањето дека „во нашите општества историјата ја презела улогата на митологијата и функцијата која митологијата ја врши во општествата без писма" (Stros, 2009:48). Но, колку писмото навистина го воздигнува општеството, дали англосаксонските заложби за глобална култура (во која, секако, ќе доминира нивната, англосаксонска култура) водат кон културен напредок или, како што потенцира и Леви-Строс, кон културна стерилност!? Брзиот развој на науката чија последица е „информацискиот кошмар", не е ли скалило прудолу, кон „слабеење и исчезнување на културниот идентитет" (Stros, 2009:68)? Овој голем мислител на т.н. мали народи им препорачува „да веруваат дека нивната култура не само што е единствена, туку е и подобра од другите, ако сакаат да го сочуваат својот културен идентитет и оригиналноста, самосвојноста" (Stros, 2009:48). Пред речиси две децении научниците го открија геномот и со тоа се празни ковчежето со тајни – барем што се однесува до човековата физиологија и неврологија. Следствено, се исцрпува и фондот на тајни како да се влијае во рамките на locus coeruleus или cortex cerebri. Тие влијанија секако не се само непосредни (физички, хемиски...) туку и посредни – во случајов на кој мислам (културата), преку „ситуации", кои лесно можат да бидат однапред и тенденциозно обмислени, артикулирани и проектирани?! Едно од карактеристичните дела на популарната култура – како што забележува М. Шуваковиќ – дело кое на спектакуларен начин се соочува со прикажување на легитимноста како на „дигиталниот тероризам", така и на „дигиталните алтернативи" е филмската трилогија на браќата Енди и Лари Ваховски – Матрикс (1999-2003), (Види: Matt Lawrence: Like a Splinter in Your Mind: The Philosophy Behind the Matrix Trilogy, Blackwell, Oxford, 2004). Во сферата на визуелните медиумски конструкции на реалноста и нивните конфронтации, се случува т.н. екстензија на политиката, прашање по кое Мичел констатира:

„Клонирање на теророт (...) не означува само процес со чија помош тероризмот се шири слично на канцерот, вирусот или чумата, туку означува терор кој што се клонира самиот себе, станува збор за синдром кој што јас го нарекувам клонофобија,

синдром кој што изникнува од древното треперење пред копирањето, имитацијата, вештачкиот живот и создавањето слики. Слично на тероризмот. Затоа клонирањето се движи наваму-натаму помеѓу имагинарното и реалното, метафоричките и буквални манифестации. Клонирањето, поставено на овој начин постанува главна метафора или мета слика на создавањето слики, особено во царството на новите медиуми и биомедиумот. Бидејќи мојата тема беше улогата на сликата во ратот против теророт, темата на клонирање постануваше с¢ повеќе и повеќе неизбежна". (Mittchel, 2011:XIV, болд З.П.)

Значи, забавувањето на цивилизацискиот чекор на Балканот (вклучително и Македонија), може да биде предизвикано на различни начини и однадвор, непосредно или посредно. Горенаведениот пример беше само еден фрагмент од „медиумскиот начин" – а начини има, секако, повеќе и нивниот број ќе расте. Би можеле да се согласиме со Лиотар, дека е завршено времето на големите нарации, на мега приказните, меѓутоа тоа не е причина за оптимизам (во цивилизациски контекст), напротив, настапува ерата една Нова историја и се отвора нов прозорец кон културната идеологија. Да се потсетиме само на постмодерната ортодоксија за телото – дека тоа е првенствено (ако не и целосно) „една лингвистичка и дискурзивна конструкција" (Хајлс, 2003:216). Според дискурзивните анализи во хуманистичките науки, особено во археологијата на знаењето чиј корифеј е Мишел Фуко, каде имаме и совпаѓања со сајбер-развојот, телото претставува игра на дискурзивни системи. И повторно, во прв план е когнитивноста како водечки, отворен и загадочен феномен. Жан Бодријар вели:

„Човековото тело, нашето тело се чини преобемно во својата сопствена експанзија зошто денес с¢ е концентрирано во мозокот и геномот, кои сами по себе ја сумираат операционалната дефиниција на бивството". (Baudrillard, 2012:56)

Артур Крокер и Марилуиз Крокер одат уште понатаму:

„Ако денес може да постои така интензивна фасцинираност од судбината на телото, може ли тоа да е предизвикано од фактот дека телото веќе не постои?" (A. Kroker, M. Kroker: 1987).

За да продолжат со набројување на начините на кои што телото исчезнува: идеолошки – во модерните знаци; епистемолошки – со распаѓањето на картезијанската свесност која го гарантира постоењето на телото („страшно и лажно чувство на субјективност"); семиотички – во прекупловечки знаци; технолошки – во ултра и хиперфункционалност. Работите одат дотаму што се претпоставува запис на човечки субјект – во компјутер. ИСМ – invisible cyber man. Кога науката ќе го превозмогне претходново, тогаш културалошките експерименти со цел влијанија врз културната меморија/идентитет ќе бидат детска играчка.

Значи, со оглед на сето тоа изгледа дека не може да се одречат можностите од обиди за манипулации и преку културната меморија (како на пр. со „бришење" или „имплантирање" – се разбира, не во индивидуална смисла). Секако, во таа насока веќе постојат доволно аргументи: како пример ќе го наведеме само „бракот" помеѓу NASA и британската агенција GKHH. Според написите, на пр., на лондонски „Guardian", поранешниот службеник на NASA (сега пребеган во Москва) Едвард Сноуден, изјавил

дека се случува неверојатен информациски и телематски прогрес – прогрес што овозможува неверојатна контрола врз светската популација, а од страна на „големите“. Ќе наведеме само неколку примери. Така, агентите и аналитичарите на NASA, со поставување на претходно добро креирани фотографии на социјалната мрежа (се поставуваат низи невидливи атрибути) ги следат навиките на корисниците на таквата технологија. Имено, се следат апликации за смартфони (од 2007. претходно наведените агенции ги надѕираат/шпионираат - “Google maps“, “Tweeter“, “Facebook“, “Flicker“), интернет базите и нивното користење... итн. при што се собира море од приватни информации, кое, секако, се складира во огромните бази на податоци на мегамоќните компании. И покрај тоа што наведените агенции ги аргументираат своите дејности најмногу заради откривање и превенција на терористички планови, секако дека не може да се заобиколи можноста да се проникнува во културните навики на одредена заедница, територија или држава – и со соодветни проекти, да се интервенира врз нивниот општествено-политички строеж, а преку културната мрежа. Кога го споменавме поимот културно вмрежување, уште на самиот почеток, се мислеше токму на такви „вметнувања“: еклатантен пример е апликацијата „Angry Birds“, а податоците што се добиваат укажуваат на навиките на корисниците, одејќи дотаму што може да се востанови корелација помеѓу сексуалната ориентација и политичката определба, секако, на претходно „обработените“ простори. Сметам дека е одвишно да се говори за сложената матричност и конакт-профилите кои исто така се во игра. Македонија, впрочем како и другите “помалку моќни“ а со оглед на нејзината геостратешка позиционираност и историска „тежина“ – лесно може да биде (и лично сметам ќе биде) подложена и на „културно-мнемориски“ натрапници. Ми беше задоволство да го изложам незадоволството од една ваква (можна) претпоставка.

## Литература


1. Baudrillard, Jean. (2012). The Ecstasy of Communication. Cambridge: The MIT Press
2. Хајлс, Кетрин. (2003). Како станавме постлуѓе. Скопје: Тера Магика
3. Kroker, Arthur, Marilouise Kroker. (1987). Body Invaders: Panic Sex in America (Culture Texts). USA: St. Martin's Press
4. Lawrence, Matt. (2004). Like a Splinter in Your Mind: The Philosophy Behind the Matrix Trilogy, Oxford: Blackwell
5. Levi-Stros, Klod. (2009). Mit i značenje. Beograd: Službeni glasnik
6. Mittchel, W. J. T. (2011). Cloning terror/The war of images, 9/11 to the Present. Chicago: The University of Chicago Press
7. Skledar, Nikola. (1998). Osnovni oblici čovjekova duha i kulture; uvod u antropologiju (II. dio). Zagreb: Hrvatsko filozofsko društvo
8. Vatimo, Đani. (2008) Nihilizam i emancipacija; etika politika, pravo. Novi Sad: Adresa